ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
Број 22/1-11 / февруари 17, 2011 година

# 1. Првенство на Македонија за 2011 година

## (начин на одредување листа на учесници)

Право на учество на Првенството на Македонија за 2011 година имаат државјани на Република Македонија кои се наоѓаат на македонската рејтинг листа на ФИДЕ.Првенството на Македонија се одржува во термин предвиден со Календарот за натпревари на ШФМ.
Првенството се игра по Бергеров(кружен) систем со 10 учесници и тоа:

1. Победникот од претходното првенство
   (Отвореното првенство на Македонија за 2010 година)
2. пет(5) играчи со најдобар рејтинг на јануарската листа (на активни шахисти) што му претходи на првенството.Во случај на еднаков рејтинг се гледа претходната листа итн.
3. три(3) најдобропласирани играчи од Пролетен отворен турнир (во март 2011 година)
4. еден(1) млад шахист, на предлог на Стручниот одбор, со одлука на УО

Резервите се одредуваат на следниот начин:

1. Во случај на отказ на победникот од претходното првенство, пополнувањето се врши по понатамошниот редослед,доколку играчите имаат освоено повеќе од 50% поени.
2. Ако има откази на играчи од рејтинг листата, пополнувањето се врши по понатамошниот редослед , заклучно со 10-то рангираниот играч по рејтинг.
3. За откази од Пролетниот отворен турнир, пополнувањето се врши по понатамошниот редослед.Ако се исцрпени резервите од претходното првенство и рејтинг листата (заради наведените ограничувања), дополнувањето се врши по редоследот од Отворениот пролетен турнир.

Редоследот на критериумите ќе се применува како се набројани.Натпреварувач кој ќе стекне право на учество по еден основ, не може да се третира како квалификуван или резерва по друг основ.

# 2. Првенство на Македонија за 2012 г. и во континуитет

## (начин на одредување листа на учесници)

Право на учество на Првенството на Македонија имаат државјани на Република Македонија кои се наоѓаат на македонската рејтинг листа на ФИДЕ.Првенството на Македонија се одржува секоја година, во термин предвиден со Календарот за натпревари на ШФМ.Првенството се игра по Бергеров(кружен) систем со 10 учесници и тоа:

1. три(3) најдобропласирани играчи од претходното првенство

2. три(3) најдобропласирани играчи од Отвореното првенство на Македонија
3. три(3) играчи со најдобар рејтинг на јануарската листа (на активни шахисти) што му претходи на првенството.Во случај на еднаков рејтинг се гледа претходната листа итн.
4. еден(1) млад шахист, на предлог на Стручниот одбор, со одлука на УО

Резервите се одредуваат на следниот начин:

1. Во случај на отказ на играчите од претходното првенство, пополнувањето се врши по понатамошниот редослед,доколку играчите имаат освоено повеќе од 50% поени.
2. За откази од Отвореното првенство на Македонија, пополнувањето се врши по понатамошниот редослед.Ако се исцрпени резервите од претходното првенство и рејтинг листата (заради наведените ограничувања), дополнувањето се врши по редоследот од Отвореното првенство на Македонија.
3. Ако има откази на играчи од рејтинг листата, пополнувањето се врши по понатамошниот редослед , заклучно со 10-то рангираниот играч по рејтинг.

Редоследот на критериумите ќе се применува како се набројани.Натпреварувач кој ќе стекне право на учество по еден основ, не може да се третира како квалификуван или резерва по друг основ.

Скопје, 17 февруари 2011 година

Шаховска федерација на Македонија
Иван Кочовски,стручен секретар